# ЧЕТНИЧКАТА АКЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ КОМИТЕТ (1895)

**Ванчо Ѓорѓиев**

**1.** По падот на режимот на Стефан Стамболов (18 мај 1894 година), во Бугарија се создале услови за организирано истапување на македонска емиграција по однос на македонското прашање. Притоа тенденцијата била да се искористи ситуацијата која настанала со разгорувањето на ерменската криза во Османлиската Империја и замешувањето на европската дипломатија, и паралелно со тоа да се наметне прашањето за реформи во Македонија врз основа на член 23 од Берлинскиот договор.

Иницијативата за обединување на македонските друштва и нивно организирано истапување во врска со македонското прашање, потекнала од Младата македонска дружина (ММД) чиј претседател бил Коста Шахов, и срединиите што гравитирале околу весникот „Глас Македонски". ММД настојувала преку легални методи (митинзи, резолуции, меморандуми) да ја искористи ерменската криза за да изврши притисок врз дипломатијата во прилог на македонското прашање. Оттука, во текот на ноември и декември 1894 година, македонските емигранти, почнувајќи од Софија, организирале повеќе проерменски митинзи низ Бугарија. На митинзите покрај тоа што била искажана поддршка за Ерменците и осуда на османлискиот терор, редовно било истакнувано барањето за спроведување реформи во Македонија врз основа на член 23 од Берлинскиот договор.

За разлика од легалните методи кои ги преферирал Коста Шахов и приврзаниците на ММД, за време на македонските митинзи во Бугарија, на површина избила една порадикална струја, која во поглед на македонското прашање застапувала револуционерна концепција. Ставовите на ова групација чии предводници биле: Никола Наумов, Тома Карајовов, Наум Туфекчиев и други биле артикулирани низ весникот „Право", кој почнал да излегува токму во тоа време. Слични ставови застапувал и Трајко

Китанчев, актуелен пратеник во бугарскиот парламент, и неспорен авторитет сред македонската емиграција во Бугарија.

По иницијатива на ММД, на 29 декември 1894 година, на едно Собрание во Софија, бил формиран „Македонски комитет“, кој требало да ја осмисли и координира активноста на македонската емиграција. Според протоколот од Собранието, Македонскиот комитет претпочитала легални методи на дејствување. За претседател на „Македонскиот комитет“ бил избран Трајко Китанчев, меѓутоа, неговиот избор останал фиктивен, бидејќи тој не го консумирал функцијата. Два дена пред формирањето на „Македонскиот комитет“, на 27 декември 1894 година, Трајко Китанчев бил избран за претседател на „Братски сојуз“ кој бил формиран по иницијатива на групацијата околу весникот „Право“ и која се залагала за порадикални, т.е. револуционерни методи за решавање на македонското прашање.

Во средината на јануари 1895 година, петочлена делегација на „Македонскиот комитет“, ги доставила резолуциите од митинзите што се одржале во ноември и декември до дипломатските претставници на големите сили во Софија. Од друга страна, „Братски сојуз“, веднаш по основањето започнал со подготовки за формирање на чети, кои планирал да ги испрати во Македонија. Поради различните концепции во поглед на покренувањето на македонското прашање помеѓу „Братски Сојуз“, „Македонскиот комитет“ и „Младата македонска дружина“во весникарските средини избило ривалство околу приматот во македонското движење, а секако и поради различноста во методите за борбата околу една иста цел – автономија на Македонија. Но, со оглед на целта што ја преследувале, кај сите преовладала идејата за обединување во единствена организација.

На 19 февруари 1895 година „Македонскиот комитет“ испратила повик за одржување на општо Собрание во Софија на кое требало да дојде до обединување на македонските друштва во единствена организација и осмислување на идната дејност. Во повикот меѓу другото се вели: „Македонци! ’Македонскиот комитет’ имајќи ја предвид сериозноста на ситуацијата на нашата татковина и веќе подигнатото ерменско прашање, наоѓа за неопходно потребно да се свика едно општо собрание на сите Македонци од Кнежеството, Романија и др., за да се осмисли организирањето и понатамошното заедничко дејствување за подобрување на положбата на нашите браќа во Македонија и Одринскиот вилает, согласно член 23 од Берлинскиот договор“. Собранието било закажано за 19 март 1895 година во Софија.

По извесно тактизирање, од 19 до 28 март 1895 година во Софија се одржал Првиот македонски конгрес. На првото заседание на Конгресот учествувале 31, а на последното 60 делегати. За време на Конгресот дошло до обединување на македонските друштва во единствена организација на чело со еден постојан „Македонски комитет“ (МК) од 20 члена, при што за претседател на Бирото на МК бил избран Трајко Китанчев. Во врска со целта на МК за време на конгресот избиле два предлога: 1. Автономија на Македонија и 2. Присоединување кон Бугарија. По тридневна дебата по оваа прашање, мнозинство делегати се изјаснило за автономија на Македонија, а за вториот предлог биле само тројца делегати. Решенијата на Првиот македонски конгрес, биле редактирани, а потоа прифатени како Устав (Статут) на македонските друштва. Според Чл. 1 од Уставот „целта на македонските друштва е придобивање за населенијата во Македонија и Одринско политичка автономија, приложена и гарантирана од Големите сили“. Според чл. 2 од Уставот, за постигање на целта се предвидени следниве средства: влијание врз бугарските влади и општественото мнение во Бугарија и Европа; печатено слово; агитација во другите балкански држави за заеднички дејствија во корист на автономијата; агитација и митинзи, подржување на изборот за пратеници во бугарското собрание на лица кои ќе се обврзат дека ќе дејствуваат за постигање на целта на македонските друштва; испраќање на делегации и меморандуми во европските земји; и преземање мерки и дејствија, диктирани од силата на околностите. Последното подразбира испраќање на чети во Македонија, но тоа од разбирливи причини не било внесено во Статутот.

Во Македонскиот комитет членувале мнозина Македонци - емигранти, а помалку Бугари. Најголемиот дел од членството биле искрени македонски патриот. Меѓутоа, во него се вовлекле и доверливи луѓе на бугарската влада и другите политички партии, разни кариеристи, профитери, авантуристи, случајни сопатници на македонското дело, квазипатриоти, па дури и класични арамии. Инволвирањето на таквите профили во МК, не се само што се одразила врз неговата активност, туку и воопшто врз македонското ослободително дело.

**2.** Владата на бугарскиот премиер Константин Стоилов, раководејќи се од сопствените интереси, за да не ги наруши односите со Османлиската Империја поради активноста на македонската емиграција, првобитно манифестирала резервираност кон македонското движење. Меѓутоа, откако сфатила, дека истото може да биде искористено од опозицијата, владата почнала да ја менува политиката, притоа, чекор по чекор

преземајќи дејствија за да го стави македонското движење во функција на бугарските интереси. За таа цел, бугарскиот егзарх Јосиф I, и дипломатскиот претставник во Истанбул, П. Димитров, започнале синхронизирани активности со барања за добивање на султански берати за 5 нови егзархиски владици во Македонија. Во меѓувреме, владата тактички се дистанцирала од политичките барања на МК за реформи во Македонија.

Османлиската влада во неколку наврати реагирала поради активноста на македонските емигранти во Бугарија, но истовремено била непопустлива во однос на барањата за бератите. Во меѓувреме, бугарскиот претставник во Истанбул, П. Димитров го сондирал мислењето на дипломатските претставници во контекст на бугарските барања, особено на англискиот, австро-унгарскиот и италијанскиот, при што првиот дискретно му ставил до знаење дека Бугарите нема да добијат ништо без едно строго контролирано четничко движење, кое треба да биде прекинати веднаш при промена на околностите. За сето тоа, П. Димитров ја информирал владата во Софија.

Ерменската криза и македонското движење се покажале како погодна прилика и за кнезот Фердинанд, кој не бил признат меѓународно. За таа цел биле интензивирани односите со Русија, без чиј благослов, не било можно признавањето на Фердинанд. Кнезот преку воениот министер Рачо Петров, обезбедил неформална поддршка за четничкото движење во Македонија од премиерот Стоилов. Во меѓувреме, воениот министер им овозможил на заинтересираните македонствувачки офицери да ја напуштат активната воена служба и да пристапат кон формирање на чети, при што се погрижил да им обезбеди оружје и муниција. На 17 мај 1895 година, премиерот Стоилов имал средба со претседателот на МК – Трајко Китанчев. Последниот го информирал премиерот дека македонското движење нема ништо против бугарската влада, ниту пак со другите политички партии и побарал владата да не ја попречува активноста на Комитетот. Премиерот, од своја страна, изјавил дека владата нема ништо против активноста на Комитетот, но замолил да не презема ништо без нејзино знаење. Во меѓувреме, бугарскиот премиер имал средби и со други дејци од македонското движење како: Димитар Ризов, Никола Наумов, Наум Туфекчиев, Борис Сарафов.

Откако кругот бил затворен, бугарската влада постепено го изоставила барањето за бератите и пред Портата истапила со политички барања. Така, на 6 јуни 1895 година, бугарскиот претставник во Истанбул доставил нота до османлиската влада со која побарал спроведување на реформи врз основа на член 23 од Берлинскиот договор, како услов за запирање на револуционерната агитација сред македонската емиграција во

Бугарија, но и во Македонија. Откако, Високата порта го отфрлила непристојното барање од вазалното кнежество, бугарската владата му наредила на П. Димитров да го напушти Истанбул без образложение. Во меѓувреме, четите кои биле организирани од МК веќе биле на територијата на Македонија. Високата Порта и дипломатијата за да избегнат натамошно усложнување на ситуацијата во која се нашле поради ерменската криза, веднаш манифестирале знаци на попустливост. Премиерот Стоилов чувствувајќи го тоа, на 29 јуни 1895 во својот дневник запишал: „Јас сум на мнение дека демонстрацијата се направи. Сега треба да се запре секое движење за да може да се добие нешто од Портата и од силите". Притоа, Стоилов во име на добрите односи со „пријателската османлиска држава" ги забранил собирите на македонските друштва, а на границите испратил засилувања за до го попречат преминувањето на четите, па дури започнале со апсење. Во исто време бил донесен закон со кој било предвидено строг затвор за секој што „собира, вооружува и снабдува чета, и за секој главатар и предводник на чета". На тој начин бугарската влада пред Османлиската Империја и пред надворешниот свет создавала впечаток дека Бугарија е конструктивен фактор, давајќи им на знаење, дека клучот на македонското прашање се наоѓа во Софија.

Сепак во интерес на вистината ќе кажеме дека организатор на четите бил Македонскиот комитет, меѓутоа нивното вооружување дошло од магацините на бугарската армија со дозвола на влада, која дури им го олеснила преминувањето преку границата. Токму тоа ја покажува перфидната манипулацијата со патриотските чувства на македонските емигранти кои во името на слободата тргнале да се бијат за татковината –Македонија, но всушност одработувале туѓа агенда.

**3**. Додека течел процесот на обединување на македонските друштва „Братски сојуз" на чело со Т. Китанчев, почнал да подготвува и да испраќа чети во Македонија. Борис Сарафов уште во текот на зимата почнал да врбува и да обучува четници меѓу македонските средини во Бугарија, но и да врбува офицери од бугарската армијата. Пред одржувањето на Првиот македонски конгрес „Братски сојуз" кон крајот на февруари 1895 година ја испратил во Македонија четата на стариот ајдучки војвода Димо Дедото. Тој во март се нашол во Прилепско, каде ја предизвикал Дреновската афера. Набрзо по него, во Македонија заминала и четата на Никола Геројски. Овие чети требало да имаат некаква авангардана разузнавачка мисија, и да го опипаат пулсот на населението. Од постојната документација евидентно е дека Трајко Китанчев, уште пред одржувањето на Првиот македонски конгрес, но и по него, бил свесен дека населението во Македонија не било

расположено да поддржи една востаничка иницијатива организирана од македонската емиграција од Бугарија, па дури бил свесен дека тоа може да прерасне во неконтролирано авантуристичко движење, но сепак според него, тоа било единствениот начин да се искористи ерменската криза и преку испраќањето на чети во Македонија да се сврти вниманието на европската дипломатија.

Подготовките за екипирање и испраќање на чети во Македонија се засилиле по одржувањето на Првиот конгрес и по конституирањето на „Македонскиот комитет“ како врховно раководно тело на македонските друштва. Дополнителен стимулативен фактор за испраќањето на четите, била и неофицијалната поддршка од страна на бугарската влада, иако информациите од Македонија зборувале дека населението не било расположено за учество во движењето. Во почетокот на април 1895 година, Трајко Китанчев и Никола Наумов заминале за Дупничко за да го контролираат организирањето и испраќањето на четите. Запишувањето на доброволци и на офицери од армијата за акцијата во Македонија особено се засилило во текот на мај 1895 година. Според достапните списоци од формираните дружини, евидентно е дека најголемиот број на доброволци биле Македонци – емигранти во Бугарија, малкумина од Романија, но меѓу нив се нашле и Бугари, неколку Црногорци, па дури и доброволци од Војводина.

За акцијата во Македонија, Македонскиот комитет ангажирал околу 800 четници, кои биле распоредени во 4 поголеми одреди и уште неколку помали чети. Командувањето на одредите им било доверено на 20 помлади офицери од бугарската армија. Меѓу нив спаѓаат: Антон Бозуков, Јордан Венедиков, Стојчо Гаруфалов, Тома Давидов, Борис Сарафов, Владислав Ковачев, Васил Мутафов, Петар Начев и други. Како водачи на теренот во секој одред се нашле по неколку стари ајдучки и арамиски војводи како: Кочо Љутата, Никола Геројски, Кочо Мустракот, Димо Дедото, Дедо Анго, Дедо Стоју, Дедо Кацареа (Г. Кацаров) и други. За овие луѓе со егзотични имиња, границата помеѓу разбојништвото и „револуцијата“ била многу тенка и премногу пропустлива. Сите тие пред да навлезат во Македонија, биле предупредени да не преземат пљачкашки дејствија и самоволија, да си ја плаќаат храната, и да не го напаѓаат мирното турско население.

Првиот одред бил наречен „Струмичка дружина“, вториот „Пирин Планина, третиот „Серска дружина“ и четвртиот „Кресненсо-Мелничка дружина“. Покрај овие дружини биле формирани уште неколку мали самостојни чети како „Планина Беласица“, „Вардарска чета“ и слично.

Во почетокот на јуни 1895 година, доброволците, војводите и офицерите се нашле крај границата во Ќустендилско и Дупничко, при што главните собирни пунктови биле во Рилскиот манастир, и селата: Ветрен, Богослов и Граница. Тука четите бил екипирани и вооружени. Вооружувањето, главно го извршиле браќата Иванови (познати трговци и лиферанти со оружје), кои од бугарската влада по багателни цени добиле поголемо количество, наводно застарено оружје. Значајна улога при вооружувањето имал и Наум Туфекчиев.

„Струмичката дружина“ броела околу 150-160 души. Командир на одредот бил Петар Начев, а покрај него се нашле уште неколку офицери. Од старите арамиски војводи главната улога во овој одред ја имале: Манол Караманов и Георги Кацаров. Крајна стратешка задача на овој одред била да изврши напад на Струмица. Вториот одред „Пирин Планина“ бил составен од 148 лица. Тој имал задача да ја поткрепува активноста на „Струмичката дружина“. Од воените лица за командир на одредот бил определен Тодор Матров, а за војвода на теренот бил назначен Кочо Љутата. Третиот одред „Серска дружина“ броел околу 200 лица. Командир на одредот бил резервниот капетан Стојчо Димитров, а за војвода на теренот бил назначен Стојо Скрижовски (Дедо Стоју). За илустрација ќе наведеме дека во овој одред се нашле мнозина млади идеалисти, кои подоцна пристапиле кон Македонската револуционерна организација. Меѓу нив се нашле: Јане Сандански, Георги Иванов (Марко Лерински), Кирил Прличев, Димитар Мирчев и други. Овој одред требало да навлезе во Серско, но немал конкретна задача. Четвртиот одред „Кресненско-Мелничката дружина“ бил најмал – 65 души. За негов командант бил именуван Борис Сарафов. Од арамиските војводи во одредот се нашле Кочо Мустракот, Кољо Ризов и Анго Костадинов. Овој одред бил предвиден да дејствува во реонот на Мелник- Неврокоп без конкретна задача.

Наспроти овие скромни сили кои се подготвувале од Бугарија да навлезат во Македонија, од другата страна на границата се наоѓала моќна османлиска армија. Османлиските власти, откако ја забележале активноста на македонските емигранти, почнале да ги засилуваат своите гарнизони на границата кон Бугарија и крајграничните градови со префрлање на единици од другите делови на своите европски вледенија. Бугарската влада која се претставувала како старател за егзархиското население во Македонија, иако била информирана за османлиските засилувања во пограничните региони, не само што не презела ништо да го запре преминувањето на четите, а со тоа да го поштеди населението за кое „многу се грижела“, туку напротив го помогнала

вооружувањето на четите и го олеснила нивниот премин преку границата. Според тоа, за бугарската влада воопшто не бил важен исходот од судирите на четите со војската, ниту пак страдањето на цивилното население од репресиите, туку за неа било важно само едно – четите да се појават на територијата на османлиска Македонија.

На 10 јуни 1895 година, весниците започнуваат да објавуваат информации за судири меѓу четите и османлиските војски во Македонија. Наредните денови во весниците се појавуваат вонредни додатоци со звучни наслови „Востание во Македонија", и Повици за востание со факсимили од потписите на офицерите, кои веќе биле во Македонија. Предводничка улога во звучните информации ја има весникот „Право", по него оди „Глас Македонски ", потоа весникот „Револуција", кој бил орган на македонските социјалисти и други. Во нив се пишува за големи битки и успеси на четите, меѓутоа реалноста била сосема поинаква.

Ако се изземе првото влегување на четата на Димо Дедото и на Никола Геројски, четите масовно почнале да навлегуваат во Македонија, откако бугарскиот дипломатски претставник по одбивањето на барање за реформи од страна Портата го напуштил Истанбул. Всушност, Димо Дедото и Никола Геројски, биле меѓу првите што по втор пат се нашле територијата на Македонија, овој пат во околината на Крива Паланка и Кратовско. Веднаш по преминот на границата, тие имале неколку судири со османлиските војски, при што во еден од нив загинал Димо Дедото, а повеќе четници биле заробени. Водството врз неговата чета го презел Глигор Соколов, кој по еден судир кај Кратовско, се пробие до Прилепско, каде не успеал да направи ништо, по што се врати во Бугарија. Четата на Никола Геројски по еден судир кај Карпиновскиот манастир била наполно разбиена.

Кон крајот на јуни 1895 година, границата ја минала „Струмичката дружина". Веднаш по преминот на границата при првиот судир со османлиската војска, загинал командирот Петар Начев, поради што командата врз одредот ја презел Васил Мутафов. Овој одред кој изложен на перманентен прогон на османлиските сили, преку Плачковица едвај успеал да се пробие до „Суви Лаки" на планината Огражден, од каде по еден жесток судир со османлиските сили бил принуден да се врати назад. Патем дознавајќи дека одредот „Пирин Планина" се нашол во незавидна ситуација кај с. Габрово (Горноџумајско), одредот тргнал кон нив, но кај с. Габрово дал уште 8 жртви. На 7 јули „Струмичката дружина" претрпела катастрофален пораз кај Габровската корија, оставајќи зад себе 30 мртви, меѓу кои командирот Мутафов, а 13- мина биле заробени. По

овој судир, одредот се распаднал, а од него во Бугарија се вратиле 75 мина. Преживеаниот офицер Јордан Венедиков подоцна расправал, дека одредот не добил никаква поддршка од локалното население, кое дури им се заканувало дека ќе ги предадат на власта, за да не настрада.

Одредот „Пирин Планина" границата ја минал неколку дена по „Струмичката дружина" кај с. Лешко (Горноџумајско). Веднаш по преминот на границата ајдучките водачи, без да ги почитуваат претходните инструкции се обиделе да се пресметаат со муслиманските села во регионот, притоа настојувајќи во играта да ги внесат христијаните од с. Лешко. По неколку дена, водачите на одредот, откако сфатиле дека немаат поддршка од христијанското население, тргнале кон с. Габрово, каде го имале првиот судир со османлиските војски. Веднаш потоа на површина избила недоразбирањето помеѓу старите ајдучки и арамиски водачи и офицерите, по што првите се одвоиле и тргнале кон Кочариново, а другите кон Пехчево. Откако разбрале за повлекувањето на „Струмичката дружина" и тие се вратиле назад. Во меѓувреме, одредот се распаднал на повеќе групи, при што секоја почнала да дејствува на своја глава. Овој одред поради лошата организација, личниот состав и катастрофалното командување, не само што не се обидел да ја изврши поставената задача, туку целосно се распаднал.

Третиот одред „Серската дружина" броел 200 лица. Со него командувал капетанот Стефан Димитров, а како водач на теренот минувал Дедо Стоју. Овој одред немал конкретна задача, но затоа пак под влијание на Дедо Стоју кој скал да расчисти некои стари долгови од ајдучко време го нападнал, потпалил и опљачкал помашкото село Доспат. По пристигањето на војската, офицерите и значаен дел од четниците побегнале кон Бугарија, а Дедо Стоју со неколкумина приврзаници заминал по пљачка кон Драмско, каде и загинал на мизерен начин. Со палењето на помашкото село Доспат, овој одред всушност одиграл најмизерната улога.

Најголем успех постигнал четвртиот одред кој броел 65 души под команда на Борис Сарафов. Одредот границата ја минал околу Петровден. За да ги задржи арамиските војводи околу себе, Сарафов бил принуден да им вети дека на враќање, ќе им дозволи овде-онде по некоја пљачка. Сарафов кој се движел со одредот околу Мелник, за да го одвлече вниманието на османлиските сили, извел еден маневар кон Неврокопско, а потоа се вратил кон Мелник. Утрото на 11/23 јули 1895 година, одредот со молскавична брзина влегол гратчето Мелник. Притоа ја потпалиле околиската управа и поштата, го нападнале затворот и ги ослободиле затворениците, при што запалиле 37 турски куќи.

Веднаш потоа, според спомените на Б. Сарафов, тој ги повикал првенците од градот и им објаснил дека нивната цел била „ослободување на Македонија“. Околу пладне одредот го напуштил градот со 2 товари вино. Очигледно „ослободувањето на Македонија“ кое траело ден пладне требало добро да се залее со мелничко вино. По оваа Сарафов со дел од доброволците се повлекол кон Бугарија, а Кочо Мустракот со своите приврзаници тргнал по пљачка. Краткотрајното влегувањето на Сарафов во Мелник, всушност го покрил неуспехот на другите одреди, поради што целата четничка интервенција од 1895 година, неосновано била наречена „Мелничко востание“.

Три дена по настанот во Мелник, на 26 јули 1895 година, државниот секретар за надворешни работи на Велика Британија информира: „За македонското движење тука се зборува дека е истоштено и дека наскоро ќе биде задушено, благодарение на репресивните мерки што ги презедоа Турците и зголемената будност од страна на бугарската влада“. Всушност четничката акција веќе била завршена.

**4**. Четничката акцијата на „Македонскиот комитет“ од војнички аспект претрпела потполна катастрофа. Покрај големиот број загинати, за време на акцијата во османлиско заробеништво паднале 63 четници. Некои од нив за време на судскиот процес изјавиле дека „сакаат да имаат одделна држава со независна управа“. Да такво било нивното убедување. Најголемиот дел од заробените биле осудени на доживотен затвор и испратени на заточение, но подоцна биле амнестирани. Поразот на акцијата, а уште повеќе чувството за манипулацијата со патриотските чувства на Македонците од старана на бугарската влада, предизвикало огромно разочарување, кај сите, особено кај Трајко Китанчев, кој од порано боледувал од срце. Ноќта на 1/13 август 1895 година, Китанчев починал од прскање на аортата. Набрзо потоа, МК западнал во криза.

Акцијата на Македонскиот комитет не добила никаква поддршка од населението во Македонија. Истата не добила поддршка ниту од Македонската револуционерна организација, иако таа гледала со симпатии на започнатото движење сред македонската емиграција, од каде очекувала морална и материјална помош. Не случајно Иван Хаџи Николов и Даме Груев се сретнале со претседателот на МК – Трајко Китанчев, при што настојувале од МК да добијат морална и материјална поддршка за својата идеја, но не и да застанат зад неговата акција. Од друга страна, одредени емисари на МК, непосредно пред почетокот на четничката акција се нашле во Македонија и контактирале со луѓето од МРО за да го опипаат пулсот и да ја вовлечат во акцијата, но Организацијата која

имала сопствена агенда за ослободувањето на Македонија, не се впуштила во оваа авантура на МК.

Плодовите од македонското движење во Бугарија и четничката интервенција во Македонија, ги собрала Бугарија. Во декември 1895 година, бугарскиот престолонаследник бил миропомазан во православна вера, а веднаш потоа Русија го признала Фердинанд за кнез на Бугарија. На 1/13 март 1896 година во Софија допатувала турска делегација која го донела ферманот за признавањето на Фердинанд. По десетина дена, признаениот кнез се нашол во официјална посета на Истанбул, а потоа тргнал на турнеја низ Европа. Од друга страна, како последица на ерменската криза, а делумно и поради авантурата на МК, султанот во април 1896 година, издал ираде за извесни административни реформи во европските вилаети, но тие воопшто не кореспондираат со онаа што било предвидено во член 23 од Берлинскиот договор и политичката цел на МК.

Бугарското блефирање со македонското движење во функција на признавање на кнезот Фердинанд, како и подигрувањето со патриотските чувства на македонските емигранти, го почувствувале сите учесници во македонското движење од 1895 година. Оттука по повод годишнината од четничката акција, весникот „Право“ во 1896 година, меѓу другото иронично пишува: „македонските чети минатата година војуваа ... и извојува признавање на бугарскиот кнез од Русија и Турција, а бугарската влада за да го отплати долгот кон неа (Македонија, б.н.) издејствува реформи. Работата стана квит. Услуга за услуга“.

Измамата ја почувствувал и мелничкиот „херој“ Борис Сарафов. Во врска со тоа тој во едно интервју пред рускиот публицист Амфитетров изјавил: „Автономната македонска идеја нѐ скара со бугарската влада. Зар порано со нас не беше љубезен и внимателен кнезот Фердинанд? Зар ... Рачо Петров, кој со своето министерство, толку грижлив се зафати да нѐ скроти, не беше наш соучесник во 1895 година и не ни дозволи нам ... да ја минеме границата и да водиме чети? ... Нѐ фалеа зашто се надеваа дека ние, со свои раце, ќе ги вадиме од оган македонските костени и ќе им ги дадеме ним како подарок, на бугарската влада. Големите луѓе сакаа да јаваат на грбовите на малите“. Истата 1901 година, весникот „Реформи“ во врска со злоупотребата на македонското движење од 1895 година меѓу другото пишува: „Во извесни моменти светото дело на македонската слобода реално беше предмет на бессовесна експлоатација ... На бугарското општество му се познати четите од 1895 година. Тогашните дејанија беа гнасна подигравка со чесните македонски патриоти. Тоа беше незаситно богохулство со страдањето на нашиот народ во

Македонија и Одринско. Тогаш, по извршената мракобесна дипломатска игра, Врховниот македоно-одрински комитет беше само гнездо на многу пренаивни македонски патриоти и на малку премудри, но бессовесни честољупци“.

**Селективна литература**:


Бѣлевъ Ив. Г., Възстанието въ свероизточна Македония презъ 1895 г., Ил. Илинденъ, г. VII/2-3, София 1932;

Битоски Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија (1893-1903), Скопје, 1977;

Британски документи за историјата на Македонија, т. V, Скопје 2005;

Д-р Константин Стоилов. Дневник, част II, София 1996;

Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одриска революционна организация като митологична и реална същност, съставители: Цочо Билярски и Валентин Китанов, София 1995;

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското революционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003;

Ѓорѓиев Ванчо, Трајко Китанчев, Скопје, 2015;

Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција Љубен Лапе), Скопје 1984;

Елдъров Светлозар, Върховният македоно-одрински комитетъ и македоно-одринската организация в Бялгария 1895-1903, София 2003;

Елдъров Светлозар, Четническата акция на Македонския комитет 1895, София 2015;

Катарџиев Иван, Борба до победа, т.1, Скопје 1983;

Княжеството България и македонскияат въпрос. Пртоколи от конгресите на Върховния Македоно-одрински комитет 1895-1905, София 2002;

Националчноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, т.2, София 1995;

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско, 1878-1903, София 1979;

Силянов Христо, Освободителните борби на Македония (фототипно издание), т.1, София 1983;

Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава Л. Милетичъ, София 1927;

Съчинения на Трайчо Китанчевъ, нарежда Юрданъ Ивановъ, София 1898;